# *Слобода на изразување - ограничување*




Судија Кети Германова

# Ограничување на правото

- Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.



Примарна улога на чл.10 е да ја штити сечија слобода на изразување и од тие причини ЕСЧП утврдил правила на рестриктивното толкување на можните ограничувања предвидени во ст.2. Од националните институции не се бара да интервенираат во остварувањето на правото на слобода на изразување секогаш кога е во прашање некоја од основите предвидени во ст.2, бидејќи тоа би довело до ограничување на содржината на ова право.

ЕСЧП во секој случај поединечно испитува и одлучува дали постои интервенција во правото на слобода на изразување, барајќи го рестриктивното влијание на специфичните мерки усвоени од националните органи врз остварувањето на правото на слобода на изразување.

# Ограничување на правото
# чл.10 ст.2 од ЕКЧСП

Слободата на изразување не е апсолутно право. Тоа доаѓа со одговорности и со должности.

Две сфери на ограничување

- **Права на другите-** углед, приватност, репутација
- **Јавен интерес-** државна безбедност, јавен морал, негирање на историјата и говор на омраза

- Права на другите, углед, приватност, имиџ

- Углед: Obershlik против Австрија ( Апл. Бр.20834/92)
- Приватност : Von Hannover против Германија ( Апл. Бр. 59320/00)
- Имиџ : Hachette and Flippachi против Франција (Апл.бр.40457/07), Lillo-Stenberg and Saether против Норвешка ( Апл. Бр.13258/09)

- Јавен интерес, државна безбедност, јавен морал, негирање на историјата и говор на омраза

- Kuhnen против Сојузна Република Германија (Апл. Бр.12194/86)

# Примена на тестот на ЕСЧП  во три чекори

Националните власти можат да интервенираат во остварување на правото кога  кумулативно  се исполнети три услови :

- Интервенцијата ( како формалност, услов, ограничување или казна)  да е пропишана со закон
- Интервенцијата  да има легитимна цел за заштита на определени интереси и вредности
- Интервенцијата да е нужно неопходна во едно демократско општество

- Интервенцијата (како „формалност“, „услов“, ограничување“ или „казна“) е пропишана со закон

- Gaweda против Полска ( Апл. Бр.26229/95)

- Sunday Times против Обединетото Кралство (Апл. Бр.6538/74)

Легитимната цел за интервенција може да се однесува на заштита на:

- Национална и јавна безбедност
- Територијален интегритет
- Спречување на безредија и криминал
- Заштита на здравје, морал, углед или права на другите
- Спречување обелоденување на информации добиени во доверба
- Одржување на авторитет и непристрасност на судството

- Дали интервенцијата е нужно неопходна во едно демократско општество

Принципот на пропорционалност налага примена на најмалку рестриктивни мерки во случај ако постои нужна општествена потреба

Доколку се утврди дека не постои „неопходност во едно демократско општество“ се утврдува и повреда на слободата на изразување од членот 10 одКонвенцијата.

- Во постапката пред ЕСЧП, државата има за обврска да докаже дека за остварување на легитимната цел, не постоела поблага мерка, која во дадениот случај можела ефикасно да ја употреби.

- ЕСЧП ја задржува надлежноста да одлучи дали националните власти приложиле и „релевантни и задоволителни“ причини за оправдување на мерките со кои интервенирале во слободата на изразување.

- **Cumpana and Mazare v. Romania**

ЕСЧП при оценувањето дали постои пропорционалност на интервенцијата ќе ги истражи конкретните околности на случајот, а пред се:

- природата на мешањето;
- позицијата на апликантот и статусот на жртвата на клеветата;
- предметот на оспорената изјава;
- причините за интервенцијата, кои ги изнеле националните власти;
- медиумот преку кој изјавата е пронесена, односно степенот на дисеминација на спорната изјава итн.

# Национален контекст

- Ограничувања на основните права и слободи според националниот устав и законите во една држава

- Чл.54 од Уставот на РСМ

  Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

Уставниот суд имајќи го предвид принципот на интерпретација на Уставот во контекст на меѓународното право, има конзинстентен став дека:

- Уставот не содржи ниту специјална ниту генерална законска резерва која би ги определила границите на остварувањето на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, поради што нејзината граница треба да се бара во севкупноста на Уставот и неговите определби, имајќи ги притоа во предвид меѓународните документи ратификувани согласно Уставот.
- Одредбата од чл.54 ст.2 од Уставот, со која се исклучува ограничувањето на слободата на уверувањето, совеста , мислата и јавното изразување на мислата, не значи дека не може да постои никакво ограничување во манифестирањето на оваа слобода

- Санкционираните дејствија, без оглед дали се работи за кривична или граѓанско-правна санкција , преставуваат интервенција, односно мешање во слободата на изразување

  Одлука на Уставниот суд бр.107/2010 од 16.02.2011 година : „Уставот поаѓа од гарантирање на самата слобода на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, на начин кој е општ, генерален за сите поединци и токму од аспект на оваа општост мора да се толкува одредбата од чл.54 ст.4 од Уставот со која се исклучува ограничувањето на оваа слобода“

Улогата на судиите и обвинителите во заштита на слободата на изразување - според Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

- Законот за судовите -чл.2 и чл.18
- ЗКП чл.3 и чл 12, и чл. 449 (повторување на постапка)
- Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда- чл. 2 и чл.3
- ЗПП- чл. 400 ( повторување на постапка)
- Закон за управни спорови- чл.43 ( повторување на постапка)

# Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета - ЗГОНК

- Чл.6 ст.1

  За навреда одговара тој што со намера да омаловажи, со изјава, однесување, објавување или на друг начин ќе изрази за друг понижувачко мислење, со кое се повредува неговата чест и углед
- Чл.8 ст.1

  За клевета одговара тој што за друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да наштети на неговата чест и углед, пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знае или бил должен и може да знае дека се невистинити

- Во постапките за **клевета** или **навреда**, се утврдува дали се работи за изјава заснована на факти, или пак се работи за изјава која преточува вредносно оценување.

- Изјавата заснована на факти - подлежи на докажување.
- Вредносната оцена (вредносен суд )- не налага поткрепеност со доказ, но за истата да ужива заштита, сепак мора да постои некаков видлив концепт на разумна основаност која ќе се темели на добра волја да се покрене широка јавна дебата (предност на јавниот интерес).
- Затоа Судот пристапува кон утврдување „дали постои доволно фактичка заснованост“ за да ја поддржи таа вредносна оцена.
- При оценката дали една изјава содржи факти или вредносни судови, ЕСЧП генерално применува либерална конструкција, преку признавање на широко значење на идејата за вредносен суд, особено кога е во прашање слободата на изразување на новинар или политичар.

# Chilling effect - Концепт на одвраќање или обесхрабрување

Судовите при нивната работа мораат да водат сметка и да го избегнуваат ефектот на одвраќање или обесхрабрување или рестриктивна мерка која би делувала како спонтана самоцензура на средствата за јавно информирање при пренесување на информации кои се од општ- јавен интерес ( **решение на Уставен суд У бр.48/2013 од 18.02.2015 )**

Санкционирање на однесување на тужениот со утврдување на одговорност и изрекување на парична граѓанска санкција заради целите на заштита на угледот на тужителот може да делува обесхрабрувачки во однос на новинарската професија...( **пресуда на ОСС2 П4 44/13 и П4-а 135/13**)

# Стандарди на ЕСЧП според објектот на заштита (Пирамидата)

Во зависност од тоа кон кого се упатени изјавите според ЕСЧП гледано од највисокиот праг на заштита е следниот:

- Насочени кон правосудни органи
- Насочени кон обични луѓе
- Насочени кон државни службеници
- Насочени кон јавни личности ( без политичари)
- Насочени кон политичари и високо рангирани претставници на бирократијата кои имаат одговорност во применетите политики

ЕСЧП цени дека носителите на јавни функции, треба да имаат повисок праг на толеранција кон критика . Се прави разлика помеѓу клевета која претставува напад на приватноста, честа и угледот на приватни лица и онаа, каде се клевети некој носител на јавна функција,а во врска со јавната функција која ја обавува.

Ви благодарам на вниманието